20251332918

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јули 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.26/25 и 88/25) во делот I во табелата мерката 7 се менува и гласи:

„

| | |
|---|---|
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2024 година и за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година |

“.

II

Во делот II во табелата подмерката 1.10. се менува и гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1.10. | Директни плаќања за производство на домашен лозов и/или овошен саден материјал |

“.

По подмерката 1.16. се додаваат четири нови подмерки 1.17., 1.18., 1.19. и 1.20. кои гласат:

„

| | |
|---|---|
| 1.17. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични, зачински растенија и цвеќе |
| 1.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.3. по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.6. по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.20. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади |

“.

III

Делот VIII се менува и гласи:

„Средствата од дел I мерка 7 од оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари се наменети за финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2024 година и за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со пченица и јачмен согласно подмерката 1.1. од оваа програма и согласно подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година, но не оствариле финансиска поддршка.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се и земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со ориз согласно подмерката 1.1. од оваа програма и го имаат предадено оризот во период од 15 септември до 25 декември 2025 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.

За пченицата и јачменот од домашно производство од род 2024 година корисниците од ставот 2 од овој дел треба да ги имаат предадено пченицата и јачменот на складиштење кај складиштарите во период од 15 јуни до 15 септември 2024 година, а од род 2025 година треба да ги имаат предадено пченицата и јачменот на складиштење кај складиштарите во период од 15 јуни до 15 септември 2025 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6063/5
1 јули 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.